„Кој ќе земе абдест и тоа ќе го направи на убав начин, а потоа ќе дојде на џума, внимателно слушајќи и молчејќи, ќе му бидат простени гревовите помеѓу двете џуми, плус три дополнителни дена

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе земе абдест и тоа ќе го направи на убав начин, а потоа ќе дојде на џума, внимателно слушајќи и молчејќи, ќе му бидат простени гревовите помеѓу двете џуми, плус три дополнителни дена. Оној што ќе ги допира каменчињата (за време на хутбата), веќе ја намалил својата награда.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснува дека оној кој ќе земе абдест и тоа темелно ќе го изврши, исполнувајќи ги неговите рукнови, сунети и адаби, а потоа ќе дојде на џума намаз, ќе ја слуша хутбата на имамот внимателно и ќе се воздржи од празни зборови, Аллах ќе му ги прости малите гревови за десет дена, од оваа до наредната џума, плус три дополнителни дена, бидејќи доброто дело се наградува десеткратно. Потоа, салаллаху алејхи ве селем, предупредил дека е неопходно срцето да биде концентрирано и присутно за да ги прими пораките што се изнесуваат за време на хутбата и дека треба да се избегнува секое одвлекување на вниманието, како на пример допирање каменчиња или друг вид расеаност. Оној кој го прави тоа ја намалил наградата од џума намазот, и нема да ја добие целосната награда.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5433